# Анализа на донесеното мислење од страна на Комисијата за заштита од дискриминација во случајот со користењето на навредлив и омаловажувачки говор во наставно помагало (скрипта) кое се користи на Филозофскиот факултет во Скопје

Во јули 2015 година Здружението за критички пристап кон родот и сексуалноста „Субверзивен фронт – Скопје“ и Здружението на граѓани за социјален и мултикултурен развој „Женска алијанса – Скопје“ (во понатамошниот текст здруженијата) со поддршка од Проектот на УСАИД за заштита на човековите права спроведуван од Македонското здружение на млади правници поднесоа претставка до Комисијата за заштита од дискриминација (во понатамошниот текст Комисијата).

Претставката беше поднесена против Филозофскиот факултет – Скопје и професорот Благоја Јанаков затоа што во учебно помагало, предвидено во наставната програма, е содржан омаловажувачки, понижувачки и навредлив говор кон лицата со хомосексуална ориентација. Учебното помагало е скриптата „Личност (Основи на персонологија)“ на професорот Благоја Јанаков, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Претставкатата се однесува на текстот „Хомосексуалност и лезбејство“ кој се наоѓа на страница 36 од скриптата. Овој дел, како што ќе биде изложено подолу изобилува со понижувачки ставови кон маргинализирана група кои немаат друга цел освен да го повредат достоинството на лицата со хомосексуална ориентација како и да создадат понижувачка средина. Понижувањето конституира дискриминација (член 7 од ЗСЗД) па поради тоа здруженијата побараа заштита од Комисијата која е основана за заштита од дискриминација. Особен поттик да биде побарана заштита од Комисијата беше околноста што со ова наставно помагало се обучуваат идните психолози и психотерапевти кои ќе треба да работат со лица кои поради стигмата околу хомосексуалноста страдаат од разни психолошки проблеми.

Комисијата донесе мислење во јули 2016 година, една година по поднесената претставка пречекорувајќи го законскиот рок (90 дена) четирикратно. Според Комисијата не е сторена дискриминација затоа што во спорниот текст „не се содржани зборови кои упатуваат на навреди или поттикнувачки третман“ и претпоставува дека „авторот користел соодветни истражувачки резултати“ и реферирал „соодветни научни авторитети“ при изработката на текстот.

Мислењето е спорно како од процедурална така и од суштинска гледна точка. Комисијата има пропусти во водењето на постапката и особено во утврдувањето на фактите и примената на законите. Пропустите и недостатоците во мислењето ќе бидат одделно наведени и образложени подолу во текстот.

- **Комисијата четирикратно го пречекори законскиот рок за донесување на мислење по поднесена претставка**

Законскиот рок во кој Комисијата е должна да даде мислење по поднесена претставка е 90 дена (чл. 28 ст. 1 од ЗСЗД) без можност за продолжување на овој рок. Претставката беше уредно поднесена на 13 јули 2015 година, а мислењето беше донесено на 1 јули 2016 година односно една година подоцна. Ваквото неоправдано одолговлекување на постапката внесува оправдан сомнеж во капацитетот на Комисијата да ги штити граѓаните од дискриминација.

- **Комисијата не требало да го земе предвид изјаснувањето на Филозофскиот факултет – Скопје и авторот на текстот затоа што е доставено по истек на законскиот рок**

Лицето против кое е поднесена претставка може да се изјасни во наводите во рок од 15 дена од денот на приемот (чл. 27 ст. 2 од ЗСЗД). Комисијата доставила барање за изјаснување на 24 јули 2015 на што е одговорено дури на 8 април 2016 година, седум месеци по истекот на законскиот рок. Рокот за доставување на изјаснување по претставката е содржан во императивна одредба која како таква е задолжителна и не дозволува истегнување и факултативна примена. Изјаснувањето според тоа е ненавремено и како такво не треба да се земе предвид при утврдувањето на фактите и донесувањето на мислењето.

- **Според Комисијата во спорниот текст „не се содржани зборови кои упатуваат на навреди или на поттикување на омраза“. Дали е тоа навистина така?**

Текстот изобилува со навреди и поттикнување на омраза кон лицата со хомосексуална ориентација. Според авторот *„хомосексуалноста е загрозувач на опстанокот на човечкиот вид, на човештвото, културата и цивилизацијата. Имено, ако луѓетот постанат хомосексуалци – човечкиот вид ќе престане да постои, ќе изумре, а културата и цивилизацијата ќе се уништат. Инаку кажано, хомосексуалноста е чинител на индивидуалното и општо недобрување “.* Според ова резонирање, авторот како загрозувач на опстанокот на човечкиот вид би ги сместил и лицата кои не можат да имаат деца. Понатаму авторот смета дека на лицата со хомосексуална ориентација *„им е потребна помош“* за ослободување од inter alia и *„нездрави верувања и приврзаности“.* Понатаму во текстот, авторот ги квалификува општествата и поединците кои ги почитуваат правата на оваа група како *„забегани“* за потоа да имплицира дека хомосексулноста носи и легализација на *„сексуално општење меѓу крвно најблиски“* (каде повторно го користи терминот *„забегани“* за да потенцира дека се работи за хомосексуалците и за лицата кои ги почитуваат правата на оваа група).

Авторот го продолжува нумерирањето со тоа што одобрувањето на хомосексуалноста носи. Следно е одобрувањето на *„сексуалното општење на луѓе со животни“* каде

повторно авторот искривувајќи ги фактите ги навредува лицата со хомосексуална ориентација со тоа што *„Епа штом е така, пречка за брак меѓу човек и животно нема (вклучително и ако се од ист пол, на пример машки слон со машки човек)“.* Хомосексуалците и забеганите понатаму ќе бараат и *„легализирање на детската проституција и легализирање на брачни врски со андроиди, виртуелни суштетсва, уметнички дела, тенџериња итн.“* За крај повторно не криејќи ја својата омраза кон т.н развиен демократски и слободен свет со искривување на аргументот за слободата авторот го финализира текстот со следната реченица *„ако некој слободно се определи за хомосексуална врска нека стапи во таква врска и нека ужива. Ако некој слободно се определи да стапи во љубовно-брачна врска со нилски коњ – нека стапи и нека ужива...“.*

За да утврдиме дали овие зборови се навредливи и поттикуваат омраза треба само да се ставиме во кожата на припадник/чка на оваа маргинализирана заедница. Учебното помагало со кое се образуваат идните психолози и психотерапевти тврди дека си а. загрозувач на човечкиот вид и цивилизација, б. ти треба помош поради нездрави верувања, в. си забеган ако бараш заштита на своите права, г. бараш легализација на инцест, содомија, детска проституција. Ваквите зборови го повредуваат достоинството и создаваат непријателска и понижувачка средина.

- **Комисијата претпоставува дека авторот користи соодветни истражувачки резултати и реферира соодветни научни авторитети кои ги поткрепуваат изнесените научни аргументи па според тоа се повикува на слободата на научното творештво загарантирана со Уставот на РМ**

Спорниот текст не ги задоволува критериумите за да биде сметан за издржан научен став па согласно тоа да се повикува на слобода на научното творештво. Наспроти тоа текстот содржи исклучиво лични, ненаучно засновани ставови и пред сè предрасуди на авторот, против хомосексуалците и т.н развиен демократски и слободен свет. Авторот не презентира никакви истражувања врз основа на кои дошол до ставовите кои ги изнесува ниту пак реферира соодветна релевантна литература (со исклучок на Николози во однос на делот за терапија од хомосексуалноста). Авторот не ги образложува користените тешки зборови ниту не презентира аргуменирани ставови, поткрепени врз основа на користење на каков било метод на истражување кое што е својствен за науката. Имено, професорот, врз основа на својот личен став посочува и на некој начин предвидува со примери кон што може да придонесе хомосексуалноста во општеството и истиот не зема предвид какво било истражување или пак анализа.

- **Комисијата констатира неконзистентност во ставовите на научната јавност во однос на сексуалната ориентација па посочената тематска целина ја третира како дел од таквиот плуралитет**

Како што беше претходно наведено тоа што како автор на текстот се јавува доктор на науки не значи дека текстот ги исполнува критериумите на научно дело. Спорниот

текст е исклучиво личен став (предрасуди) кој се нашол во учебна програма на идните психолози. Најголемиот дел од науката има јасен и конзистентен став во однос на хомосексуалноста. Светската здравствена организација, Американската асоцијација на Психолози и Американската асоцијација на психијатри не ја сметаат хомосексуалноста за болест. Секое поинакво мислење од ова мора да биде добро аргументирани и поткрепено со резултати од истражувања. Спорниот текст го нема тоа па затоа не може да биде земен предвид како сериозен научен текст.

Поднесувањето на претставката до КЗД, тело кое е надлежно да постапува по претставки, дава мислење и препораки за конкретните случаи на дискриминација, се покажа како неефикасно затоа што не се постигна целта на објективна оценка на содржината на скриптата, а со самото тоа и заштита на лицата кои се дискриминирани и кон кои се поттикнува говор на омраза поради нивната сексуална определба, земајќи го предивид фактот дека од оваа скрипта се образуваат и ќе се образуваат, студенти и идни психолози.

Оваа анализа е изработена од страна на Проект на УСАИД за заштита на човековите права
Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје
Ул. Златко Шнајдер бр. 4а-1/3, 1000 Скопје, тел. 02/3220-870

Забелешка:
Оваа анализа е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД). Содржината е одговорност на Македонското здружение на млади правници и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на САД.